Дали домашните миленици можат да го пренесуваат новиот коронавирус (2019-nCoV)?

Во моментов, нема докази дека животните - придружници/домашни миленици, како кучиња или мачки можат да бидат заразени со новиот коронавирус.

Сепак, секогаш е добра идејата да ги миете рацете со сапун и вода после контакт со домашните миленици. Ова Ве штити и од бактерии, како што се E. coli и Salmonella кои можат да се пренесуваат меѓу домашните миленици и луѓето.



Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV

Луѓето од сите возрасти можат да бидат заразени од новиот коронавирус (2019-nCoV).

Постарите лица и лицата со хронични заболувања (како астма, дијабетес, срцеви заболувања) се чини дека се поосетливи на сериозно заболување од вирусот.

СЗО ги советува луѓето од сите возрасти да преземат мерки за да се заштитат од вирусот, на пример практикување на добра хигиена на рацете и добра респираторна хигиена.

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

Дали новиот коронавирус ги зафаќа постарите луѓе, или и помладите се исто така осетливи на инфекција?

#2019n-CoV

Дали антибиотиците се ефикасни во превенција и лекување на новиот коронавирус?

Не, антибиотиците не делуваат на вирусите, само на бактериите.

Новиот коронавирус (2019-nCoV) е вирус, затоа антибиотиците не треба да се користат за негова превенција и лекување.

Но, доколку сте хоспитализирани заради 2019-nCoV, може да Ви бидат препишани антибиотици затоа што е можна бактериска ко-инфекција.

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV

Дали постојат специфични лекови за превенција или лекување на новиот коронавирус?

До денес, не е препорачан специфичен лек за превенција или лекување на новиот коронавирус (2019-nCoV).

Сепак, оние заразени со вирусот треба да добијат соодветна грижа за олеснување и лекување на симптомите, а оние кои ќе развијат тешко заболување треба да добијат соодвертен супортивен третман.

Некои специфични третмани се истражуваат и ќе бидат тестирани преку клинички испитувања. СЗО помага во забрзување на напорите за истражување со низа партнери.

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV

Дали земањето на Тамифлу (oseltamivir) може да се користи во лекување на коронавирус (2019-nCoV)?

Сéуште нема податоци кои може со сигурност да потврдат дека со Тамифлу (oseltamivir) може да се лекува новиот коронавирус (2019-nCoV).

СЗО итно работи со истражувачите и докторите во целиот свет за да ги испита можните начини за третман на вирусот. Ова го вклучува и испитувањето дали постоечките антивирусни лекови може да делуваат на вирусот. Сепак, ова испитување е сéуште во рана фаза и нема дополнителни препораки.

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV

Дали постоечките вакцини против пневмонија може да Ве заштитат против новиот коронавирус (2019-nCoV)?

Не. Постоечките вакцини против пневмонија, како пневмококната вакцина и вакцината против Хемофилус инфлуенца тип Б (Hib)-инфекциите, не обезбедуваат заштита против новиот коронавирус (2019-nCoV).

Вирусот е дотолку нов и различен што за него е потребна посебна вакцина. Истражувачите се обидуваат да развијат вакцина против 2019-nCoV, а СЗО ги подржува нивните напори.

Иако споменатите вакцини не се ефикасни против 2019-nCoV, се препорачува вакцинација против респираторните заболувања за заштита на Вашето здравје.



Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV

Дали е безбедно да се добие писмо или пакет од Кина?

Луѓето кои примаат пакети од Кина, не се изложени на ризик да заболат од новиот коронавирус (2019-nCoV).

Од претходни сознанија и анализи, знаеме дека коронавирусите не преживуваат долго на предмети, како што се писма или пакети.

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

#2019n-CoV